Ридско – планинските населени места пак, оние кои што сеуште имаат жители, имаат добра патна инфраструктура, сите се снабдени со електрична енергија и дел од нив имаат локална водоводна мрежа. Комунални услуги за јавна чистота сеуште нема во овие населени места, но со оглед на тоа што бројот на населението од пописот 2002 до денес е драстично опаднат, а и ќе се намалува и во иднина, сметаме дека таа услуга не е приоритет во овие населени места, но со зајакнување на капацитетите на комуналното претпријатие, повремено по потреба ќе се извршуваат и овие услуги.

Населените места: Балдовенци, Билјаник, Брник, Велесело, Врањевци, Гнилеж, Груништа, Зовиќ 2, Ивени, Ново Село, Паралово, Петалино, Полог, Совиќ, Сливица и Суводол се веќе иселени или имаат 2 – 3 жители, поради што воопшто нема да бидат предмет на разгледување во оваа урбана ревизија.

Во табелата Список на инфраструктура и програмирање на услуги (СИПУ), во делот резултати е следната состојба:

- Густина и домување во општина Новаци е со просечна оценка 1,17, што е и реална состојба, со оглед на тоа што општината има огромна територија, а многу малку население, особено во Мариовскиот дел на општината

- Состојбата со патиштата во општината, и покрај тоа што просечната оценка според СИПУ табелата е 1,76, е сосем солидна. Добар дел од локалните патни правци во населените места се асфалтирани. Ниската оценка во СИПУ табелата се должи на малиот број на население во општината.

- Во делот Еколошки и санитарни услуги, нити едно населено место во општината, со исклучок на центарот Новаци, немаат канализациона мрежа, дел од рамничарските населени места имаат услуги поврзани со јавна чистота, а сите населени места се покриени со електрична енергија и имаат водоводни мрежи, од градскиот водовод или локални водоводи.

Конечните резултати врз основа на Списокот на услуги и програмирање на услуги се дадени во следната табела од каде може да се забележи голема разлика помеѓу рамничарските населени места од ридско планинските населени места во поглед на пристап до суперструктурни објекти и еколошко санитарни услуги. Населението во ридско планинските населени места, односно Мариовскиот дел на општината, е во константно опаѓање. Некои од селата се веќе иселени, а има и села кои имаат по 10-тина жители, а според трендот на иселување, во наредни 5 години постои реална

можност овие населени места или целосно да се иселат или бројот на жители драстично да опадне. Сепак, општината се труди да го заживее овој регион, со бројни проекти и напори да се развие руралниот туризам, за што Мариово има огромни капацитети.

*Табела 20 : СИПУ табела*

| | Населени места | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1. Попис | Арматуш | Будимирци | Бач | Брод | Гнеотино | Горно Агларци | Грумази | Гермијан | Градешница | Далбеговци | Долно Агларци | Долно Орехово | Добромири | Добровени | Живојно | Зовиќ 1 | Маково | Мегленци | Новаци | Орле | Рапеш | Рибарци | Скочивир | Старавина | Тепавци | Вкупно |
| | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 | 8 | 9 | 10 | 11 | 12 | 13 | 14 | 15 | 16 | 17 | 18 | 19 | 20 | 21 | 22 | 23 | 24 | 25 | 26 |
| Население | 41 | 30 | 160 | 57 | 32 | 185 | 15 | 257 | 89 | 178 | 167 | 45 | 345 | 18 | 214 | 31 | 71 | 20 | 1283 | 16 | 46 | 130 | 30 | 23 | 25 | 3508 |
| Зафатеност на земјиштето во ха | 543 | 4049 | 1987 | 2040 | 1699 | 870 | 880 | 1657 | 8386 | 552 | 327 | 1998 | 1161 | 1535 | 2981 | 1960 | 2645 | 833 | 1189 | 973 | 2242 | 689 | 9024 | 5997 | 1244 | 57461 |
| **Пристап до инфраструктура** | **0.50** | **0.40** | **0.43** | **0.63** | **0.63** | **0.77** | **0.20** | **0.60** | **0.53** | **0.77** | **0.77** | **0.50** | **0.80** | **0.33** | **0.47** | **0.50** | **0.47** | **0.33** | **0.90** | **0.33** | **0.50** | **0.77** | **0.40** | **0.50** | **0.43** | 0.396078 |
| Локални патишта | 0.8 | 0.5 | 0.3 | 0.9 | 0.9 | 0.9 | 0.2 | 0.6 | 0.8 | 0.9 | 0.9 | 0.7 | 0.9 | 0.5 | 0.4 | 0.7 | 0.7 | 0.5 | 0.9 | 0.4 | 0.7 | 0.9 | 0.4 | 0.7 | 0.7 | 0.494118 |
| Водоснабдување и електрична енергија | 0.7 | 0.7 | 1 | 1 | 1 | 1 | 0.4 | 1 | 0.8 | 1 | 1 | 0.8 | 1 | 0.5 | 1 | 0.8 | 0.7 | 0.5 | 1 | 0.6 | 0.8 | 1 | 0.8 | 0.8 | 0.6 | 0.602941 |
| Еколошки санитарни услуги | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0.4 | 0 | 0.2 | 0 | 0.4 | 0.4 | 0 | 0.5 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0.8 | 0 | 0 | 0.4 | 0 | 0 | 0 | 0.091176 |
| **Пристап до суперструктурни објекти** | **0** | **0** | **0.25** | **0** | **0** | **0.125** | **0** | **0.25** | **0** | **0.25** | **0.125** | **0** | **0.375** | **0** | **0.125** | **0** | **0.125** | **0** | **0.875** | **0** | **0.125** | **0.125** | **0** | **0** | **0** | **0.080882** |
| Основно образование | 0 | 0 | 1 | 0 | 0 | 1 | 0 | 1 | 0 | 1 | 0 | 0 | 1 | 0 | 1 | 0 | 0 | 0 | 1 | 0 | 1 | 1 | 0 | 0 | 0 | 0.264706 |
| Средно образование | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| Детски градинки | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 1 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0.02941 |
| Здравство | 0 | 0 | 1 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 1 | 0 | 1 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0.08824 |
| Трговски објекти | 0 | 0 | | 0 | 0 | 0 | 0 | 1 | 0 | 1 | 1 | 0 | 1 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 1 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0.147059 |
| Спортски и младински активности | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 1 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 1 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0.05882 |
| Култура и рекреација | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 1 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0.02941 |
| Јавна администрација | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 1 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0.02941 |
| **2. Показатели** | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | |
| Густина и домување | 0.076 | 0.01 | 0.08 | 0.03 | 0.019 | 0.21 | 0.017 | 0.155 | 0.011 | 0.322 | 0.511 | 0.023 | 0.297 | 0.012 | 0.072 | 0.016 | 0.027 | 0.024 | 1.079 | 0.02 | 0.021 | 0.189 | 0.003 | 0.004 | 0.02 | 3.2406 |
| Патишта | 32.8 | 15 | 48 | 51.3 | 28.8 | 166.5 | 3 | 154.2 | 71.2 | 160.2 | 150.3 | 31.5 | 310.5 | 9 | 85.6 | 21.7 | 49.7 | 10 | 1154.7 | 6.4 | 32.2 | 117 | 12 | 16.1 | 17.5 | 2755.2 |
| Еколошки санитарни услуги | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 74 | 0 | 51.4 | 0 | 71.2 | 66.8 | 0 | 172.5 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 1026.4 | 0 | 0 | 52 | 0 | 0 | 0 | 1514.3 |

| | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Објекти | 0.24 | 0.00 | 64.50 | 0.00 | 0.00 | 23.13 | 0.00 | 64.25 | 0.00 | 44.50 | 20.88 | 0.00 | 129.38 | 0.00 | 53.50 | 0.00 | 8.88 | 0.00 | 1122.63 | 0.00 | 5.75 | 16.25 | 0.00 | 0.00 | 0.00 | 15079.24 |
| **3. Резултати** | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | |
| Густина и домување | 1 | 1 | 1 | 1 | 1 | 3 | 1 | 2 | 1 | 3 | 4 | 1 | 3 | 1 | 1 | 1 | 1 | 1 | 5 | 1 | 1 | 2 | 1 | 1 | 1 | 1.176471 |
| Патишта | 2 | 1 | 2 | 3 | 2 | 4 | 1 | 4 | 3 | 4 | 4 | 2 | 5 | 1 | 2 | 2 | 2 | 1 | 5 | 1 | 2 | 4 | 1 | 1 | 1 | 1.764706 |
| Еколошки санитарни услуги | 1 | 1 | 1 | 1 | 1 | 3 | 1 | 3 | 1 | 3 | 3 | 1 | 4 | 1 | 1 | 1 | 1 | 1 | 5 | 1 | 1 | 3 | 1 | 1 | 1 | 1.235294 |
| Објекти | 1 | 1 | 2 | 1 | 1 | 2 | 1 | 3 | 1 | 2 | 2 | 1 | 4 | 1 | 2 | 1 | 1 | 1 | 5 | 1 | 1 | 1 | 1 | 1 | 1 | 1.147059 |
| Краен резултат | 5 | 4 | 6 | 6 | 5 | 12 | 4 | 12 | 6 | 12 | 13 | 5 | 16 | 4 | 6 | 5 | 5 | 4 | 20 | 4 | 5 | 10 | 4 | 4 | 4 | |

Методолошко објаснување:

- Бројот на население е според последниот попис во 2002 година
- Површината на населените места е изразена во хектари и го опфаќа градежното земјиште на населеното место заедно со атарот
- Во делот за пристап до инфраструктура, предмет на евалуација се 3 категории на комунална инфраструктура како што е дадено во табелата, така што за секоја категорија дадени се од оценки од 0 до 1 (во зависност од тоа колку проценти секоја категорија е застапена во населеното место, односно пример ако категоријата е застапена со 20%, дадена е оценка 0,2).
- Во делот пристап до суперструктурни, предмет на разгледување се 8 категории и истите се оценуваат со 0 или 1, каде 0 значи дека категоријата во населеното место воопшто не е застапена, или 1 ако таа категорија ја има во населеното место.
- Во показатели, имаме 4 категории кои се добиваат на следниот начин:
    - Категоријата густина и домување се добива со делење на бројот на население со зафатеноста на земјиштето во хектари на населеното место
    - Категоријата патишта се добива со множење на бројот на население со коефициентот од локални патишта во делот Пристап до инфраструктура
    - Категоријата еколошки и санитарни услуги се добива со множење на бројот на население со коефициентот од еколошки санитарни услуги во делот Пристап до инфраструктура
    - Категоријата објекти се добива со множење на бројот на население со коефициентите од Пристап до суперструктурни објекти
- Резултатите во СИПУ табелата се добиени на начин што подкатегориите Густина на домување, Патишта, Еколошки санитарни услуги и Објекти се бодувани со бодови од 1 (најниско) до 5 (Највисоко), и тоа:

За густина и домување според показателите:

Од 0.001 до 0.1 = 1
Од 0.1 до 0.2 = 2
Од 0.2 до 0.5 = 3
Од 0.5 до 1 = 4
Од 1 до 1.5 = 5

За патишта, еколошки санитарни услуги и објекти:

Од 0 до 20 = 1

Од 20 до 50 = 2
Од  50 до 100 = 3
Од 100 до 300 = 4
Од 300 до ..... = 5

*Табела 21: Рангирање на населените места по приоритет од крајните резултати од СИПУ табелата*

| Ред. Бр. | Населено место | Конечен резултат |
|---|---|---|
| 1. | Мегленци | 4 |
| 2. | Будимирци | 4 |
| 3. | Грумази | 4 |
| 4. | Старавина | 4 |
| 5. | Орле | 4 |
| 6. | Скочивир | 4 |
| 7. | Добровени | 4 |
| 8. | Тепавци | 4 |
| 9. | Долно Орехово | 5 |
| 10. | Зовиќ 1 | 5 |
| 11. | Арматуш | 5 |
| 12. | Рапеш | 5 |
| 13. | Маково | 5 |
| 14. | Гнеотино | 5 |
| 15. | Градешница | 6 |
| 16. | Брод | 6 |
| 17. | Бач | 6 |
| 18. | Живојно | 6 |
| 19. | Рибарци | 10 |
| 20. | Гермијан | 12 |
| 21. | Горно Агларци | 12 |
| 22. | Далбеговци | 12 |
| 23. | Долно Агларци | 13 |
| 24. | Добромири | 16 |
| 25. | Новаци | 20 |

Според СИПУ табелата, основен недостаток во населените места во општина Новаци се еколошко санитарните услуги. Поради тоа што општината веќе има изготвено проекти за изработка на канализациони мрежи во неколку населени места и се чека одобрување на средства од Министерство за транспорт и врски за почеток на изградба на истите, одлучено е овие средства од грантот да се искористат за проекти од областа на јавна чистота, односно управување со отпад, со цел решавање на еден од најголемите проблеми со кои Новаци се соочува во моментот.

Од табелата погоре, може да се види како се рангирани по приоритет населените места во општина Новаци. Меѓутоа, населените места кои се во Мариовскиот дел на општината: Мегленци, Будимирци, Грумази, Старавина, Орле, Долно Орехово, Зовиќ 1, Арматуш, Маково и Рапеш, нема да бидат објект на анализа од причина што како што наведовме и претходно во апликацијата, и покрај тоа што според пописот 2002 година, имаме одредени бројки на население во овие села, сепак, најголемото иселување во периодот од 2002 до денес е токму од Мариовскиот дел на општината и тие бројки во моментов се намалени, а старосната граница на населението е многу висока. Исклучок на ова е населеното место Градешница, кое и денес има солиден број на активни жители. Исто така, имаме и население кое по лична карта се води на општина Новаци, односно се водат како жители во овие населени места, но живеат во Битола. Според проценките на општината, сметаме дека во наредни 5 години населението во овој крај драстично ќе се намали или исели, поради што воведување на услуги од областа на јавна чистота, односно управување со отпад во овие населени места, во моментот ги надминува капацитетите на општината и не е приоритет. Ова не значи дека овие услуги нема да се обезбедат за Мариовскиот дел на општина Новаци доколку се зајакнат капацитетите на општината, односно ЈКП на општината и се јави потреба за тоа.

Покрај овие населени места, објект на анализа нема да бидат и населените места Тепавци, Гнеотино и Добровени затоа што во моментот во овие населени места има 10-20 жители, старосната граница на населението е исто така висока и според проценките на општината во наредни 5 години постои реална можност и овие населени места да останат без жители. Исто како и за Мариово, и за овие населени места со зајакнување на капацитетите на општината, доколку се појави потреба за услуги од областа на јавна чистота, истите ќе бидат обезбедени.

Според СИПУ табелата, со исклучување на гореспоменатите населени места, предмет на анализа ќе бидат следниве села: Брод, Живојно, Бач и Градешница.

Селото Брод се наоѓа во источниот дел на Пелагонија, на бреговите на Црна Река, југоисточно од Битола. Соседни села на Брод се: Бач, Живојно и Гермијан. Селото има целосна услуга на електрична енергија и водоводна мрежа. Канализациона мрежа и услуги од областа на јавна чистота нема. Локалните патишта се во солидна состојба и добар дел се асфалтирани. Најголемиот проблем е појавата на диви депонии.

Селото Бач се наоѓа на главниот пат што води од Битола за Старавина преку Кременица. Од Битола е оддалечено околу 25 километри. Соседни села се: Гермијан, Живојно, Добровени и Брод. Канализациона мрежа во ова населено место нема. Има целосна услуга на електрична енергија и водоводна мрежа. Патната инфраструктура

е солидна, добар дел од најкористените локални патишта се асфалтирани. Услуги од областа на јавна чистота нема во ова населено место и исто како и село Брод, и во ова населено место најголемиот проблем е појавата на диви депонии.

Селото Живојно се наоѓа во југоисточниот дел на општина Новаци. Соседни села се Скочивир, Добровени, Бач и Гермијан. Од страна на комунални услуги, во ова населено место нема канализациона мрежа и услуги од областа на јавна чистота. Патната инфраструктура е солидна, локалните патишта во добар дел се асфалтирани. Снабдувањето со електрична енергија и вода е обезбедено и без проблеми. Појавата на диви депонии е исто така голем проблем во ова населено место.

Село Градешница се наоѓа на крајниот источен дел на општина Новаци. Патната инфраструктура во Градешница е одлична, 80% од локалните патишта во населеното место се асфалтирани. Населеното место е снабдено со електрична енергија, и исто така со локална водоводна мрежа (ова село се снабдува со вода од доводниот цевковод 5-те чешми кој скоро беше реконструиран). Канализациона мрежа за фекалии нема, а нема ни услуги од областа на јавна чистота. Основен проблем е појавата на диви депонии кои покрај тоа што штетно влијаат на здравјето на населението, ја загадуваат и река Градешка, која тече низ Градешница.

Според барањата на жителите од населените места кои се предмет на анализа, може да се види дека во секое едно од нив се бара подобрување на јавната чистота или воведување на комунални услуги за собирање на смет, со оглед на тоа што секое од овие населени места се соочува со бројни проблеми предизвикани од создавање на диви депонии. Дивите депонии и несовесното фрлање на комунален отпад доведува до целосни нарушувања на еколошката рамнотежа. Отпадот од дивите депонии претставува причина за еколошки проблеми, како загадување на воздухот, контаминација на почвата и на подземните води. Ова е уште една причина поради која општината реши да ги искористи средствата од грантот во финансирање на проекти од областа на јавната чистота.

## 5.1 Општински средства

*Табела 22: Општински и регионални средства*

| Опис | Големина | Датум на купување/изградба | Сегашна вредност |
|---|---|---|---|
| **Уредено земјиште во км²** | 4.53 | / | / |
| Општинска зграда | 920 | Доградба извршена 2013 година | 10.000.000,00 |
| Училишни објекти | 10500 | | |
| Училишни спортски сали | 780 | | |
| **Неуредено земјиште во м²** | | | |
| **Инфраструктура во км** | | | |
| Примарна патна мрежа | 90 | / | |
| Секундарна патна мрежа | 196 | / | |

Извор: општина Новаци

## 5.2 Работи за одржување

Секоја година општина Новаци врши одржување на следните работи кои се прикажани во табелата подолу. Секоја година, во буџетот на општината се планираат средства претежно за одржување и изградба на локални патишта и последните години и за одржување на општинската зграда.

*Табела 23: Потрошени средства за одржување*

| Ред. бр. | Опис | 2016 | 2017 | 2018 | 2019 | Локација | Начин на извршување |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | 424320 – Одржување на локални патишта | 299.248,00 | 480.959,00 | 2.062.593,00 | 1.186.047,00 | Територија на општина Новаци | Буџет на општина Новаци |
| 2 | 424390 – Одржување на општинска зграда | / | / | 51.334,00 | 170.320,00 | Територија на општина Новаци | Буџет на општина Новаци |

Извор: општина Новаци

# 6. Недостатоци и потреби

Главни недостатоци и потреби кои се идентификувани за време на анализата и спроведувањето на Списокот на инфраструктура и програмирање на услуги (СИПУ) се:

- Еколошки и санитарни услуги – канализациона инфраструктура. Во овој дел, детектирани се следниве недостатоци, односно потребно е:
    - Изградба на канализациони мрежи за фекална канализација во речиси сите населени места, како што е во село Новаци. Со оглед на тоа што имаме многу населени места кои имаат многу мал број на жители или тенденција на иселување, потребно е да се изградат канализациони мрежи само во оние села кои што се функционални и со поголем број на жители.
    - Доизградба на атмосферски канализации во населените места Новаци, горно Агларци, долно Агларци и Далбеговци
    - Воведување на комунални услуги – управување со смет во населените места: Брод, Бач, Живојно и Градешница како што има во Новаци, Добромири, горно Агларци, долно Агларци, Далбеговци, Рибарци и Гермијан. Исто така, подобрување на комуналните услуги во населените места каде што ги има, со оглед на тоа што општина Новаци како еден од главните проблеми кои ги има, а директно влијае на здравјето на населението, е токму несоодветното третирање на отпадот, неконтролирано фрлање на истиот и појава на диви депонии.
- Според СИПУ табелата, исто така потребно е да се интервенира и во патната инфраструктура и тоа:
    - Асфалтирање на локални улици во 11 населени места во општината
    - Тампонирање на полските патишта за полесен пристап на земјоделците до своите ниви
- Во делот суперструктурни објекти, потребно е:
    - Реконструкција на подрачно училиште во с.Рибарци
    - Реконструкција на подрачно училиште во с.Живојно
    - Реконструкција на подрачно училиште во с.Добромири

# 7. Проекти за урбан развој, завршени, во тек и идни проекти

Општина Новаци е рурална општина, географски поделена на два микро региони: рамничарски дел кој се наоѓа на територија на најголемата житница, Пелагонија и ридско планински дел наречен Мариово. Рамничарскиот дел на општината е најразвиен дел, со оглед на тоа што земјоделието е главна стопанска гранка во општината, а условите за развој на земјоделието се идеални во рамничарскиот дел, инфраструктурно е изграден многу повеќе во однос на ридско планинскиот дел и е поврзан со регионални патишта во сите правци.

Општината сеуште нема изработено урбанистички планови, но е во план да започне со таа активност во скоро време. Од планска документација, општината има изработено општи акти за 13 населени места, кои ги опфаќаат поголемите и погусто населените места.

*Табела 24: Завршени, тековни и планирани проекти*

| Завршени проекти | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | Опис | Година | Локација | Износ | Финансирање |
| Патна инфраструктура | Изградба на улици бехатон | 2015; 2018; 2019 | Градешница | 4.000.000,00 | Биро за регионален развој |
| | Изградба на локален пат | 2019 | Тепавци | 18.000.000,00 | АФПЗРР |
| | Изградба на локален пат | 2019 | Раскрсница Старавина – Будимирци – Манастир Св. Атанасиј | 3.300.000,00 | АФПЗРР |
| Комунална инфраструктура | Изградба на порој | 2015 | Долно Агларци | 3.000.000,00 | Пелагониски Плански регион, АФПЗРР |
| | Изградба на порој (две фази) | 2018; 2019 | Гермијан | 35.000.000,00 | Светска Банка |
| | Атмосферска канализација | 2015; 2016; 2018 | Далбеговци | 1.500.000,00 | Министерство за Животна средина – фосилни горива |
| | Атмосферска канализација | 2015; 2016; 2018 | Долно Агларци | 1.200.000,00 | Министерство за Животна средина – фосилни горива |
| | Атмосферска канализација | 2015; 2016; 2018 | Горно Агларци | 1.400.000,00 | Министерство за Животна средина – фосилни горива |
| | Реконструкција на локален водовод 5-те чешми | 2019 | Мариово | 2.000.000,00 | Министерство за Животна средина – фосилни горива |
| Образование | Реновирање на сала во подрачно | 2019 | Бач | 3.800.000,00 | Бугарска Амбасада |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | училиште | | | | |
| | Опремување на градинка | 2016 | Новаци | 6.000.000,00 | Министерство за труд и социјала |
| Проекти во тек | | | | | |
| Комунална инфраструктура | Систем за наводнување Стрежево | / | Општина Новаци | | Влада на РСМ |
| | Реконструкција на канализациона мрежа | 2020 | Новаци | 2.000.000,00 | Општина Новаци |
| Планирани проекти | | | | | |
| Патна инфраструктура | Асфалтирање во населени места во о.Новаци | 2020 | 11 населени места | 11.000.000,00 | Општина Новаци; ЈПДП |
| | Тампонирање на полски патишта | 2020 | 10 населени места | 6.000.000,00 | Општина Новаци |
| Комунална инфраструктура | Атмосферска канализација | 2020; 2021 | Горно Агларци; Долно Агларци; Далбеговци; Новаци | 4.500.000,00 | АФПЗРР; Министерство за Животна средина – фосилни горива; Биро за регионален развој |
| | Канализациони мрежи | 2020; 2021 | Добромири, Бач, Рибарци | 20.000.000,00 | Проекти доставени до Министерство за транспорт и врски |

Извор: Стручни служби на општина Новаци

# 8. Предложени проекти, избор и консултации

## 8.1 Преглед на процесот на консултации

Општина Новаци со изработка на документот Урбанистичка ревизија ќе има интегрирани податоци во многу области и тоа: животна средина, пристап до инфраструктура, комунална инфраструктура и друго. Со алатката урбана ревизија, општината ќе се здобие со податоци за целата територија и состојбите кои се случуваат на терен. Ќе се направи проценка на приоритети на делување на целата територија на општината и начин за подобрување на состојбата со помош на финансиската слика која ни ја дава МФСА алатката. МФСА алатката ќе обезбеди информации за нашите финансиски и фискални капацитети, како и за нашиот капацитет за кредитна способност за финансирање на капитални инвестиции согласно нашите приоритети. При утврдување на приоритетите во предвид беа земени критериуми како што се одговарањето на потребите кои призлегоа од урбаната ревизија.

*Табела 25: Средства на општина Новаци во Буџетот од тековните приходи по години*

| | | 2018 | | 2019 | | 2020 | 2021 | 2022 |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **Податоци од Буџетот на општина Новаци** | | План | Реализирано | План | Реализирано | Износ | Износ | Износ |
| **71** | **ДАНОЧНИ ПРИХОДИ** | 12887007.000 | 5506624.000 | 7058000.000 | 6190504.000 | 6025100.000 | 6085351.000 | 6145602.000 |
| 711 | Данок од доход, од добивка и од капитални добивки | 561000.000 | 488029.000 | 560000.000 | 491161.000 | 560000.000 | 565600.000 | 571200.000 |
| 713 | Даноци на имот | 2006007.000 | 1960283.000 | 2305000.000 | 2414724.000 | 2305000.000 | 2328050.000 | 2351100.000 |
| 717 | Даноци на специфични услуги | 4320000.000 | 3058312.000 | 2820006.000 | 3284619.000 | 3060100.000 | 3090701.000 | 3121302.000 |
| 718 | Такси на користење или дозволи за вршење на дејност | 6000000.000 | 0.000 | 1372994.000 | 0.000 | 100000.000 | 101000.000 | 102000.000 |
| **72** | **НЕДАНОЧНИ ПРИХОДИ** | 1211000.000 | 4733421.000 | 3330010.000 | 430314.000 | 543300.000 | 548733.000 | 554166.000 |
| 721 | Претприемачки приход и приход од имот | | | | | | | |
| 722 | Глоби, судски и административни такси | 590000.000 | 147802.000 | 110000.000 | 87520.000 | 110000.000 | 111100.000 | 112200.000 |
| 723 | Такси и надоместоци | 100000.000 | 0.000 | 10000.000 | 105307.000 | 110000.000 | 111100.000 | 112200.000 |
| 724 | Други владини услуги | 21000.000 | 30000.000 | 10000.000 | 20050.000 | 20000.000 | 20200.000 | 20400.000 |
| 725 | Други неданочни приходи | 500000.000 | 4555619.000 | 3200010.000 | 217437.000 | 303300.000 | 306333.000 | 309366.000 |
| **73** | **КАПИТАЛНИ ПРИХОДИ** | 45271009.000 | 41430471.000 | 69920080.000 | 51202701.000 | 48741820.000 | 49229238.000 | 49716656.000 |
| 731 | Продажба на капитални средства | | | | 160000.000 | | | |
| 731120 | Приходи од продажба на капитални средства кои се имот на општините | | | | | | | |
| 732 | Продажба на стоки | | | | | | | |
| 733 | Продажба на земјиште и нематеријални вложувања | 45271009.000 | 41430471.000 | 69920080.000 | 51042701.000 | 48741820.000 | 49229238.000 | 49716656.000 |
| 734 | Приходи од дивиденди | | | | | | | |
| **74** | **ТРАНФЕРИ И ДОНАЦИИ** | 67024928.000 | 30649538.000 | 82885042.000 | 45571315.000 | 39739792.000 | 40137191.000 | 40534588.000 |

| | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 741 | Трансфери од други нивоа на власт | 67024928.000 | 30649538.000 | 82885042.000 | 45571315.000 | 39739792.000 | 40137191.000 | 40534588.000 |
| 741115 | Дотации на општината, од приходи од ДДВ | 23053227.000 | 22508272.000 | 23968053.000 | 23141193.000 | 24634361.000 | 24880705.000 | 25127048.000 |
| 742 | Донации од странство | | | | | | | |
| 743 | Капитални донации | | | | | | | |
| 744 | Тековни донации | | | | | | | |
| **78** | **ПРИХОДИ ОД ОТПЛАТА НА ЗАЕМИ** | | | | | | | |
| 781 | Приходи од наплатени дадени заеми | | | | | | | |
| ***7*** | ***ВКУПНО ПРИХОДИ*** | 126393944 | 82320054.000 | 163193132.000 | 103394834.000 | 95050012.000 | 96000513.000 | 96951012.000 |
| | | | | | | | | |
| **40** | **ПЛАТИ И НАДОМЕСТОЦИ** | **14349755.000** | 13497306.000 | **17027123.000** | 15385929.000 | 16512874.000 | 16678002.000 | 16843131.000 |
| **41** | **РЕЗЕРВИ И НЕДЕФИНИРАНИ РАСХОДИ** | **1095009.000** | 66666.000 | **1100000.000** | 0.000 | 1100000.000 | 1111000.000 | 1122000.000 |
| **42** | **СТОКИ И УСЛУГИ** | **35617716.000** | 25675267.000 | ***42042890.000*** | 26203689.000 | 28053900.000 | 28334439.000 | 28614978.000 |
| **43** | **ТЕКОВНИ ТРАНСФЕРИ ДО ВОНБУЏЕТСКИТЕ ФОНДОВИ** | | | | | | | |
| **44** | **ТЕКОВНИ ТРАНСФЕРИ ДО ЕДИНИЦИТЕ НА ЛОКАЛНАТА САМОУПРАВА** | | | | | | | |
| **45** | **КАМАТНИ ПЛАЌАЊА** | **210000.000** | 150200.000 | **200000.000** | 484.000 | 243232.000 | 200697.000 | 102000.000 |
| **46** | **СУБВЕНЦИИ И ТРАНСФЕРИ** | **12500000.000** | 9347159.000 | **14660000.000** | 11302664.000 | 9106768.000 | 9342500.000 | 9435000.000 |
| **47** | **СОЦИЈАЛНИ БЕНЕФИЦИИ** | **600000.000** | 475244.000 | **700110.000** | 656394.000 | 750000.000 | 757500.000 | 765000.000 |
| **48** | **КАПИТАЛНИ РАСХОДИ** | **56540298.000** | 24640859.000 | **86396343.000** | 48779008.000 | 38216572.000 | 34509709.000 | 38002237.000 |
| 485570 | Плаќање по гаранции | | | | | | | |
| **49** | **ОТПЛАТА НА ГЛАВНИНА** | **5481166.000** | 5332770.000 | **1066666.000** | 1066666.000 | 2066666.000 | 5066666.000 | 2066666.000 |
| ***4*** | ***ВКУПНО РАСХОДИ*** | 126393944.000 | 79185471.000 | **163193132.000** | 103394834.000 | 95050012.000 | 96000513.000 | 96951012.000 |
| | | | | | | | | |
| | Дотации | **25378837.000** | 25643837.000 | 26754296.000 | 26487327.000 | 32861000.000 | 33189610.000 | 33518220.000 |
| | Самофинансирачки активности | **278000.000** | 304619.000 | 410000.000 | 255661.000 | 260000.000 | 262600.000 | 265200.000 |
| | Донации | **33428316.000** | 23157886.000 | 14823000.000 | 10999433.000 | 9221750.000 | 9313968.000 | 9406185.000 |

| | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **75** | **ДОМАШНО ЗАДОЛЖУВАЊЕ** | **4243500.000** | 0.000 | 18000000.000 | 0.000 | 18000000.000 | 0.000 | 0.000 |
| 751 | Краткорочни позајмици од земјата | **4243500.000** | 0.000 | | | | | |
| 753 | Долгорочни обврзници | | | | | | | |
| 754 | Друго домашно задолжување | **0.000** | 0.000 | 18000000.000 | 0.000 | 18000000.000 | 6.000.000,00 | . |
| **76** | **ЗАДОЛЖУВАЊЕ ВО СТРАНСТВО** | | | | | | | |
| 761 | Меѓународни развојни агенции | | | | | | | |
| 762 | Странски влади | | | | | | | |
| 769 | Други задолжувања во странство | | | | | | | |
| **77** | **ПРОДАЖБА НА ХАРТИИ ОД ВРЕДНОСТ** | | | | | | | |
| 771 | Продажба на хартии од вредност | | | | | | | |

| | **Износ** |
|---|---|
| Даночни приходи по глава на жител (за тековната година) | 1551.000 |
| Неданочни приходи по глава на жител (за тековната година) | 1857.000 |
| Капитални приходи по глава на жител (за тековната година) | 11673.000 |
| Транфери и донации по глава на жител (за тековната година) | 8631.000 |

| | | | |
|---|---|---|---|
| 71 | ДАНОЧНИ ПРИХОДИ | 6025100.000 | |
| 72 | НЕДАНОЧНИ ПРИХОДИ | 543300 | |
| 731 | ПРОДАЖБА ОД КАПИТАЛНИ СРЕДСТВА | 0 | |
| 731120 | ПРИХОДИ ОД ПРОДАЖБА НА КАПИТАЛНИ СРЕДСТВА КОИ СЕ ИМОТ НА ОПШТИНИТЕ | 0 | |
| 733 | ПРОДАЖБА НА ЗЕМЈИШТЕ И НЕМАТЕРИЈАЛНИ ВЛОЖУВАЊА | 48741820 | |
| 741115 | ДОТАЦИИ НА ОПШТИНАТА ОД ПРИХОДИ ОД ДДВ | 24634361 | |
| ТЕКОВНО-ОПЕРАТИВНИ ПРИХОДИ НА ОСНОВНИОТ БУЏЕТ НА ОПШТИНАТА ЗА ПРЕТХОДНАТА ФИСКАЛНА ГОДИНА ( 71+72+731-731120+733+741115) | | 80964712 | |

| | |
|---|---|
| 30% ОД ТЕКОВНО-ОПЕРАТИВНИТЕ ПРИХОДИ НА ОСНОВНИОТ БУЏЕТ НА ОПШТИНАТА ЗА ПРЕТХОДНАТА ФИСКАЛНА ГОДИНА | 24289413 |
| | |
| Обврски за отплати по основ на краткорочни задолжувања (во моментот на поднесување на барањето) | 0 |
| Обврски по основ на краткорочни позајмици (во моментот на поднесување на барањето) | 0 |
| Обврски за отплати по основ на потенцијалното краткорочно задолжување | 0 |
| ВКУПЕН ИЗНОС НА КРАТКОРОЧНО ЗАДОЛЖУВАЊЕ | 0 |
| | |
| Обврски за отплата на главница, камата и други трошоци поврзани со долгорочни задолжувања (во моментот на поднесување на барањето) | 1066666 |
| Обврски за отплата на главница и камата по основ на долгорочни позајмици (во моментот на поднесување на барањето) | 0 |
| Обврски за отплата на главница и камата поврзани со потенцијалното долгорочно задолжување | 1243232 |
| ВКУПЕН ИЗНОС НА ГОДИШНА ОТПЛАТА НА ДОЛГ ЗА ДОЛГОРОЧНО ЗАДОЛЖУВАЊЕ | 2309898 |
| | |
| Непристигнат долгорочен долг на општината (во моментот на поднесување на барањето, вклучувајќи го и потенцијалното задолжување) | 25.601.270,00 |
| Издадени гаранции на општината (во моментот на поднесување на барањето) | 0 |
| ВКУПЕН ИЗНОС НА НЕПРИСТИГНАТ ДОЛГОРОЧЕН ДОЛГ НА ОПШТИНАТА И ИЗДАДЕНИ ГАРАНЦИИ НА ОПШТИНАТА | 25.601.270,00 |

## 8.2 Критериуми за квалификување и за приоритет на проектите

Во табелата која следува, прикажани се приоритетни барања од различен карактер, кои се произлезени од состаноците со месното население од секоја месна заедница поединечно.

*Табела 26: Барања на жителите од населените места*

| Категорија | Место | Опис на проектот |
|---|---|---|
| Патна инфраструктура | Далбеговци | Санација и тампонирање на полските патишта |
| | Далбеговци | Асфалтирање на локална улица во должина од 200 м. |
| | Долно Агларци | Санација на улица оштетена поради сечење на асфалтот за поставување на цевки |
| | Долно Агларци | Санација на полски патишта |
| | Горно Агларци | Тампонирање на локална улица |
| | Добромири | Санација и тампонирање на полски патишта |
| | Рибарци | Санација на крак од локална улица |
| | Брод | Асфалтирање на локална улица во должина од 150 м. |
| | Брод | Тампонирање и санација на полски патишта |
| | Брод | Асфалтирање на локален пат од с.Гнеотино до с.Брод во должина од 2 км |
| | Бач | Асфалтирање на локална улица во должина од 150 м. |
| | Бач | Тампонирање на полски патишта |
| | Гермијан | Асфалтирање на дворот на Манастирот |
| | Гермијан | Асфалтирање на локална улица во должина од 200 м. |
| | Гермијан | Тампонирање на полски патишта |
| | Живојно | Асфлатирање на локална улица во должина од 150 м. |
| | Живојно | Тампонирање на полски патишта |
| Комунална инфраструктура | Далбеговци | Поставување на улично осветлување во дворот на црквата |
| | Далбеговци | Да се забрза изградбата на општинскиот објект кој ќе биде наменет за месната заедница и локална продавница |
| | Долно Агларци | Поставување на дополнителни бандери за улично осветлување со нови лед светилки |
| | Долно Агларци | Атмосферска канализација |
| | Долно Агларци | Изградба на чешма кај мултифункционалното игралиште |

| | | |
|---|---|---|
| Комунална инфраструктура | Долно Агларци | Да се обезбедат две метални цевки Ф-800 |
| | Горно Агларци | Прокопување на канал кој поминува низ земјоделските површини |
| | Горно Агларци | Изработка на капаци за шахти од водовод кои се оштетени и замена на вентили кои се уништени |
| | Горно Агларци | Изградба на атмосферска канализација |
| | Горно Агларци | Изградба на фекална канализација |
| | Горно Агларци | Спроведување на акција за засадување на дрвца |
| | Горно Агларци | Отворање на колонијална продавница |
| | Добромири | Изградба на фекална канализација |
| | Добромири | Изградба на атмосферска канализација |
| | Рибарци | Санација на брана на вештачко езеро со цел подобро наводнување на земјоделските површини |
| | Рибарци | Обезбедување на метални цевки Ф-400 за премини кон нивите |
| | Рибарци | Санација на банкините на локалниот пат |
| | Брод | Реконструкција на селска чешма со партерно уредување |
| | Бач | Изведба на молерско – занаетчиски работи во црква Св. Богородица |
| | Бач | Изградба на атмосферска канализација во должина од 350 м – 4 краци |
| | Бач | Изградба на брана на река Елешка и прекопување на канал за наводнување |
| | Бач | Подобрување на системот за снабдување со вода за пиење |
| | Гермијан | Изградба на брана на река Елешка и изградба на мост на истата |
| | Гермијан | Подобрување на системот за снабдување со вода за пиење |
| | Живојно | Санирање на брана |
| | Живојно | Проверка на водомерите и замена на дотраените |
| | Живојно | Решавање на проблемот со водоснабдување |
| | Живојно | Изградба на бушотини на неколку локации за наводнување |
| | Живојно | Изградба на водопоила |
| Образование | Добромири | Реконструкција на подрачното училиште |
| Јавна чистота | Далбеговци | Чистење на јавните површини за време на пролетниот о летниот период |
| | Далбеговци | Подобрување на комуналните услуги - подигнување на смет два пати неделно |
| | Долно Агларци | Чистење на времена депонија. Проблем со комунален отпад, да се организира собирање на истиот два пати |

| | | |
|---|---|---|
| Јавна чистота | | неделно. Поставување на дополнителни контејнери. |
| | Горно Агларци | Одржување на јавната чистота, почесто косење |
| | Добромири | Чистење на времената депонија |
| | Добромири | Подобрување на комуналните услуги, ниско ниво на комунални услуги. Подигнување на отпадот најмалку два пати неделно |
| | Рибарци | Почесто подигнување на комуналниот отпад |
| | Брод | Да се воведе услуга за собирање на комуналниот отпад |
| | Бач | Чистење на диви депонии |
| | Бач | Воведување на услуга собирање на комуналниот отпад |
| | Гермијан | Поради појава на диви депонии кои ја загадуваат почвата, реките и воздухот, да се собира комуналниот отпад почесто |
| | Живојно | Да се воведе услуга собирање на комунален отпад и да се постават контејнери и канти за смет |
| | Живојно | Чистење на диви депонии |

Извор: Состаноци на Градоначалник и стручни служби на општината со локално население

Од табелата можеме да ги детектираме проблемите – барањата на жителите на поголемите населени места во општината каде има услови за одржување на редовни состаноци.

Барањата од делот патна инфраструктура (асфалтирање на улици, тампонирање и санација на полски патишта) се нешто кое општината редовно го прави, односно се планирани во програмата на општината секоја година.

Барањата од делот комунална инфраструктура се исто така помали проекти кои општината ги реализира секоја година, со исклучок на канализационите мрежи за фекална канализација, за кои општината веќе има изготвено проекти кои се доставени до Министерство за транспорт и врски, од каде се чека одобрување и средства за изградба на овие канализации.

Во делот образование, реконструкцијата на училиштето е планирано да се изврши со средства од општината, со оглед на тоа што е помал проект.

Во делот Јавна чистота пак, каде општината се реши да ги насочи средствата од овој грант, гледаме дека речиси во сите населени места, жителите се соочуваат со ист проблем, појава на диви депонии поради несовесно фрлање на комунален отпад. Општината, односно комуналното претпријатие во моментот има човечки

капацитети за да ги задоволи овие барања на жителите, но нема доволно опрема (има само еден камион за собирање на смет и ограничени количини на контејнери и канти за собирање на смет кои веќе се користат).

Поради тоа, средствата од овој грант ќе се искористат за набавка на нов камион за собирање на смет, и доколку останат средства, ќе се набават и контејнери и канти за смет. Со тоа, ќе се зајакнат капацитетите на општината, а воедно и на Јавното Комунално претпријатие во тој поглед, за да може жителите на општината да добијат навремени и поквалитетни услуги во поглед на управување со комуналниот отпад.

Според СИПУ табелата, најниско рангираните населени места, Брод, Бач, Живојно и Градешница ќе се опфатат доколку се зајакнат капацитетите на општината, односно ЈКП на општината. Покрај тоа, подобро ќе бидат опслужени и останатите населени места каде има проблем со комуналниот отпад, вклучувајќи ги и останатите населени места во Мариово.